РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 17-3343/1
20 год.-vit/e.
20-04-2023 СКОПЈЕ - SHKUP

ПРИЛОГ 4

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ ЗА 2022 ГОДИНА

## 1. Податоци за избраната Програма

Име на програмата:
Поддршка за креирање на нови работни места
Министерство за труд и социјална политика

Сектор (организациона единица) надлежен за спроведување на програмата:

Вид на програмата
☐ Хоризонтална
☐ Вертикална

Како програмата е поврзана со стратешките документи за родова еднаквост:

*Во Република Северна Македонија, прашањата за родовата еднаквост од законодавен аспект се регулираат со Уставот и со посебен закон, односно со Законот за еднакви можности на жените и мажите. Покрај ова, постојат низа стратешки документи за родова еднаквост, како генерална определба за вклучување на родовата перспектива во другите закони кои регулираат различни општествени области, со што се обезбедува системски пристап во постигнувањето родова еднаквост и зајакнување на жените и девојчињата. Притоа, РСМ јасно се насочува кон интегрирање на родовата перспектива во политиките, стратегиите и буџетите, сузбивање на стереотипите и насилството кон жените, унапредување на положбата на жените во сите сфери на јавниот и приватниот живот и следење на состојбата со родовата еднаквост преку релевантни податоци и индикатори.*

*Еден од приоритетите на Владата на Република Северна Македонија е да осигури дека постојат можности за пристојно вработување за сите мажи и жени во Република Северна Македонија, кое е изразено во Програмата за работа на Владата 2022-2024, како и во секторските стратегии во областа. Овој приоритет е дополнително ставен во фокусот поради турбулентниот период на пандемијата предизвикана од КОВИД-19 која особено се одрази на жените. Покрај ова, економското зајакнување на жените е во фокусот и на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 каде што како специфични цели се дефинирани родово одговорното буџетирање и подобрување на положбата на жената на пазарот на трудот, а дополнително родовата перспектива е вклучена и во Стратегијата за вработување 2022-2027.*

## 2. Вовед

*Краток осврт на програмата:*

Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година ги утврдува програмите, мерките и услугите за вработување кои обезбедуваат

создавање на нови работни места, поддршка за креирање на нови работни места и зголемување на вработливоста на невработените лица, посебно на младите, долгорочно невработените и корисниците на право на парична помош од социјална, како и поддршка на невработените лица на кои престанокот од работен однос е регистриран во периодот на кризата предизвикана поради Корона вирусот COVID 19 (од 11.03.2020 година).[1]

Целта на овие политики и програми е да се постигне зголемена стапка на вработеност, намалување на сиромаштијата и економска активност.

Сите евидентирани невработени лица и работодавачи имаат пристап до програмите, односно мерките и услугите за вработување. Правото на учество се определува врз основа на условите и критериумите дефинирани за секоја одделна програма односно мерка и услуга за вработување, а како општо правило е земен принципот на еднаква застапеност според Законот за еднакви можности на жените и мажите, како и учество на млади лица, лица до 29 години од најмалку 30%. При имплементацијата на програмите и мерките за вработување, се почитуваат принципите за справување со негативните ефекти и последици врз пазарот на труд и вработеноста, предизвикани од пандемијата на COVID-19, принципот на рамномерен и регионален развој и принципот на инклузивност и диверзитет отсликан во Оперативниот план за вработување. Како дополнителен критериум при селекција во активните мерки може да се примени и принципот „ прв дојден прв услужен''.

## 3. Позадина/контекст

Поддршката за креирање нови работни места е мерка во Оперативниот план за вработување (егзистира од 2017), чија цел е поттикнување на вработувањето на невработените лица во микро, мали и средни претпријатија, социјални претпријатија (примарно насочени кон социјални/општествени цели и чиј профит се реинвестира за остварување на тие цели односно, организации што се занимаваат со економска активност при вршење на дејност), т.е активност класифицирана според Националната класификација на дејности со која организациите ги остваруваат своите цели утврдени со статутот.

Поддршката за вработување може да биде во форма на субвенција на плати, или во форма на грант за набавка на нова опрема и/или материјали.
Оваа мерка има три подмерки и тоа: субвенционирање на плати, вработување и раст на правни субјекти, вработување и поддршка за вработување на лица со инвалидитет.

Корисници на оваа мерка можат да бидат :

- Микро и мали претпријатија;
- Граѓански организација;
- Социјални претпријатија;
- Нови претпријатија основани преку програмите за самовработување;
- Невработени лица евидентирани во Агенцијата за вработување на РСМ кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот

[1] https://av.gov.mk/content/pdf/FINALEN%20OP%202022.pdf

- Лица со попреченост кои самостојно вршат дејност како трговец поединец, работодавач, трговски друштва за вработување на лица со попреченост- заштитни друштва, единици на локална самоуправа и Град Скопје, јавни претпријатија , агенции и др.

Финансиски инструменти за реализација на мерката се насочени кон:

- Поддршката за вработување преку субвенција на плати вклучува еднократна финансиска поддршка исплатена за период од 3, 6 или од 12 месеци. Висината на поддршка изнесува 19 000 денари месечно за период од 3, 6 или 12 месеци за вработување на лица од целните групи;

Поддршката за вработување преку вработување и раст на правни субјекти вклучува поддршка за нови вработувања до 460 000 денари, 768 750 денари и 1 000 000 денари ( во зависност од возраста и бројот на одобрени вработувања). Висината на грантот за вработување на едно лице на возраст над 29 години изнесува 92.000 денари, за лица до 29 години возраст висината на грантот за вработено едно лице изнесува 153.750 денари, а за лица корисници на гарантирана минимална помош и за невработени лица од ромска етничка заедница, висината на грантот за вработено едно лице изнесува 200.000 денари, а за невработените лица кои ги изгубиле своите работни места по појава на панадемијата Ковид 19 ( од март 2020 година) финансиската подршка ќе изнесува 200.000 денари.

Во однос на невработените лица кои ги изгубиле своите работни места по појава на пандемијата Ковид 19 (од март 2020 година) може да се забележи намалување во однос на финансиската поддршка за 60.000 денари за разлика од 2021 година;

- Мерката поддршка за вработување на лица со попреченост вклучува различни видови финансиска поддршка и тоа: вработување на лице со попреченост на неопределено време за што се доделуваат 20 просечни нето плати исплатени во Република Македонија за претходната година пред вработувањето, односно 40 просечни нето плати исплатени во Република Северна Македонија за претходната година пред вработувањето доколку станува збор за слепо лице или за лице со попреченост што се движи со помош на инвалидска количка; адаптација на работно место за што се доделуваат финансиски средства во висина до 100 000,00 денари; и набавка на опрема за што се доделуваат средства во висина до 200 просечни нето плати исплатени во Република Северна Македонија во претходната година, при што основен критериум за висината на доделените средства е бројот на вработени инвалидни лица; и работно оспособување на вработени и невработени инвалидни лица.

Учеството во програмата и селекцијата на работодавачи се врши во согласност со следните критериуми:

- Вкупниот број на работници на неопределено време на денот на аплицирање и пред реализација на поддршката, не треба да биде понизок од просечниот број вработени лица на неопределено време во претходната календарска година, освен ако причините за намалување на бројот на вработени лица на неопределено време се поради прекин на работниот однос (поради отказ од работникот), остварување на право на пензија, смрт или неспособност за работа;
- На денот на аплицирање ги има подмирено сите обврски по основ на исплатени плати и придонеси од задолжително социјално осигурување;
- Да нема финансиска загуба во претходната година освен ако загубата е направена поради капитални инвестиции од страна на правниот субјект;
- Работодавачот да има најмалку едно вработено лице на неопределено време, со исклучок на граѓанските организации што во моментот на аплицирање можат да немаат вработено лице; и др.

Реализацијата се одвива преку јавен повик, а постапката предвидува поднесување на апликација, процес на селекција, потпишување на договор за грант за набавка на нова опрема и/или материјали или вработување и последниот чекор мониторинг или следење на мерката
Планираниот опфат на невработени лица со оваа мерка е 2139 лица и 715.796.453 денари.

## 4. Остварени резултати, промени и влијанија (се следат почетните состојби и индикаторите кои укажуваат на промени)

*Субвенционирање на плати*

Со мерката субвенционирани плати во 2022 година, предвидениот опфат на оваа мерка беше 2508 невработени лица, од кои 790 лица преку ИПА проектот од следните целни групи: корисници на гарантирана минимална помош, жени, млади до 29 години, Роми, лица со попреченост и долгорочно невработени (IPA II четврти директен грант обезбедува 50% од вкупниот износ на субвенција за 790 лица).
Со цел реализација на оваа мерка беше објавен јавен повик до работодавачите на кои поднесени биле 2156 апликации од правни субјекти за вработување 2504 лица . При селекцијата направена од страна на Комисијата за селекција, потпишани беа 1228 договори со работодавачи за вработување на 1536 невработени лица. Од нив, 767 лица беа жени, 719 лица беа млади до 29 годишна возраст и 69 лица беа Роми.

Според целните групи најзастапени се млади лица до 29 години, лица со возраст од 30 -49 години,лца од 50 и повеќе години лица со основно образование, долгорочно невработени (над 12 месеци во евиденција, со предност на невработени лица, жени припаднички на Ромската етничка заедница и др.(Табела 1)

Во рамки на ИПА проектот „Активација на ранливи групи на пазарот на трудот" согласно ОП 2022 од пристигнати 490 апликации за вработување на 599 лица приматели на гарантирана минимална помош, по направената селекција од страна на Комисијата за селекција на учесници во активни програми и мерки за вработување, во декември 2022 потпишани беа 85 договори со правни лица за вработување на 90 невработени лица, од ранливите категории опфатени со проектот, а во јануари 2023 потпишани беа уште 29 договори со правни лица за вработување на 34 невработени лица. Од вкупно 124 лица вработени со оваа мерка, преку ИПА проектот и согласно Оперативниот план за 2022 година, 70 лица се жени, 79 лица се млади до 29 годишна возраст и 9 лица се Роми.[2]

[2] Административни податоци на АВРМ

Табела 1. Број на апликации и вработени според целни групи за мерката„ Субвенционирање на плати''

| | индикатори | Број на апликации | Број на вработени |
|---|---|---|---|
| | Број на апликации фирми | 2450 | |
| | Број на фирми | 2156 | 1223 |
| | Вкупно лица | 2002 | 1616 |
| | Жени | 1013 | 807 |
| | Мажи | 989 | 811 |
| | Млади до 29 год. | 975 | 764 |
| | 30 до 40 години | 666 | 541 |
| | 50 и повеќе год. | 361 | 311 |
| | Лица со попреченост | 23 | 15 |
| | Роми | 113 | 88 |
| | Корисници на СПП | | |
| | Корисници на НП | 25 | 22 |
| | | | |
| | Невработени 3 месеци | 1358 | 1124 |
| | Невработени 6 месеци | 1478 | 1223 |
| | Невработени 12 месеци | 1626 | 1338 |
| | Невработени над 12 месеци | 375 | 278 |
| | Основно образование | 724 | 579 |

Извор: Административни податоци на АВРСМ

Табела 2.Преглед за мерката „Субвенционирање на плати по националност''

| Субвенционирање на плати | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активна мерка | Апликации | Апликации-жени | Вклучени | Вклучени - жени |
| (ОП 2022 Мерка 2.1 ) Субвенционирање на плати | 2153 | 1086 | 1619 | 1808 |
| Македонец | 1301 | 684 | 954 | 493 |
| Албанец | 605 | 269 | 501 | 219 |
| Ром | 124 | 67 | 68 | 45 |
| Турчин | 55 | 28 | 38 | 20 |
| Муслиман(ет.пр) | 21 | 14 | 27 | 10 |
| Србин | 15 | 10 | 12 | 8 |
| Влав | 8 | 3 | 7 | 3 |
| Бошњак | 6 | 3 | 5 | 2 |

Извор: Административни податоци на АВРСМ

Табела 3. Извештај за реализација на активните мерки „ Субвенционирање плати,,

| Извештај за реализација на активни мерки согласно ОП 2022 година / | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. мерка / Nr. i masës | Назив на мерката од ОП 2022 година | Планиран опфат на лица/ | Склучени договори | | | | | | | | | Планиран буџет | Планиран износ на средства од Буџет на АВРСМ / | Реализирани средства од Буџет на АВРСМ |
| | | | Правни субјекти | Лица | | | | | | | | | | |
| | | | | Вкупно | % | Млади | % | Жени | % | Роми/ | % | | | |
| 2.1 | Субвенционирање на плати / | 1718 | 1228 | 1536 | 89.4 | 719 | 46.8 | 767 | 49.9 | 69 | 4.5 | 399,481,400 | 399,481,400 | 360,845,400 | 90.3 |
| 2.1 ИПА | Субвенционирање на плати- ИПА / | 790 | 114 | 124 | 15.70 | 80 | 64.5 | 70 | 56.5 | 9 | 7.3 | 90,060,000 | 45,030,000 | 7,068,000 | 15.7 |
| 2.1 | Субвенционирање на плати- вкупно | 2508 | 1342 | 1660 | 66.2 | 799 | 48.1 | 837 | 50.4 | 78 | 4.7 | 489,541,400 | 444,511,400 | 367,913,400 | 82.8 |

Извор: Административни податоци на АВРСМ

Од анализираните податоци може да се заклучи дека опфатот на невработени лица со мерката субвенционирање на плати е зголемена за 21% о 2022 година во однос на 2021 година. Се забележува намалување на бројот на вработени лица во 2022 година во однос на 2021 година за 9,7% (види табела 3).

***Вработување и раст на правни субјекти***

Според Оперативниот план за 2022 година, мерката ***Вработување и раст на правни субјекти*** го има следниот опфат 662 невработени лица евидентирани во АВРСМ, од следните целни групи: млади лица до 29 години, корисници на гарантирана минимална помош , невработени лица кои ги изгубиле своите работни места по појава на пандемијата Ковид 19 и Роми.

Согласно податоците од АВРСМ од прегледот за изведба на ОП за 2022 година за мерката „Вработување и раст на правни субјекти „може да се забележи дека аплицирале 355 правни субјекти за планиран опфат на 662 лица. Склучени се 446 договори, од кои 231 лице се млади а жени се 251 лица. Планираниот буџет за оваа мерка е 109.018.250 денари, додека износот на реализирани средства е 71.187.105 денари и согласно претходно изнесеното процентот на реализација на средства е 65,3 %.

(Види: Извештај за реализација на активна мерка „Вработување и раст на правни субјекти„ согласно ОП 2022 година)

**Извештај за реализација на активна мерка „Вработување и раст на правни субјекти„ согласно ОП 2022 година**

| Бр. мерка | Назив на мерката од ОП 2021 година | Планиран опфат на лица | Склучени договори | | | | | | | | | | Планиран буџет | Планиран износ на средства од АВРСМ | Реализирани средства 31.12.2022 | % на реализација на средства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Правни субјекти | Лица | | | | | | | | | | | | |
| | | | | Вкупно | % | Млади | % | Жени | % | Роми | % | | | | | |
| 2,2 | Вработување и раст на правни субјекти | 662 | 355 | 446 | 67,4 | 231 | 51,8 | 251 | 56,1 | 33 | 7,4 | 109.018.250 | 109.018.250 | 71.187.105 | 65,3 |

**Извор: Административни податоци на АВРСМ**

Во текот на 2022 година, на јавниот повик аплицирале 715 работодавачи за 899 вработувања. По направената селекција од страна на Комисијата за селекција на учесници во активни програми и мерки за вработување, потпишани беа 355 договори со работодавачи за вработување на 446 невработени лица. Од нив, 251 лица беа жени, 231 лица беа млади до 29 годишна возраст и 33 лица беа Роми.

Табела 5.Преглед за изведба на ОП за 2022 година за мерката „Вработување и раст на правни субјекти

**Табела 5.Преглед за изведба на ОП за 2022 година за мерката „Вработување и раст на правни субјекти**

| | | Правни лица | | | Физички лица | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Програми и мерки | Индикатор | Број на апликации од фирми | Број на барани лица | Број на фирми | Вкупно лица | Мажи | Жени | Млади до 29 година | 30 до 49 години | 50 и повеќе години | Лица со попреченост | Роми | Корисници на СПП | Корисници на ПН | Невработени 3 месеци | Невработени 6 месеци | Невработени 12 месеци | Невработени над 12 месеци | Основно образование |
| Вработување и раст на правни субјекти | Број на вклучени | | | 355 | 446 | 195 | 251 | 231 | 161 | 54 | 3 | 33 | 0 | 1 | 337 | 365 | 397 | 49 | 148 |
| | Број на вработени со мерката | | | 354 | 446 | 195 | 251 | 231 | 161 | 54 | 3 | 33 | 0 | 1 | 337 | 365 | 397 | 49 | 148 |

**Извор: Административни податоци на АВРСМ**

Во однос на апликантите кои се изјасниле за својата националност , 251 се жени. Подетален преглед по националност може да се види во табела 6: Преглед за мерката „Вработување и раст на правни субјекти по националност.

**Табела 6.Преглед за мерката „Вработување и раст на правни субјекти по националност**

| Активна мерка | Апликации | Апликации-жени | Вклучени | Вклучени - жени |
|---|---|---|---|---|
| Македонец | 381 | 219 | 296 | 177 |
| Албанец | 128 | 53 | 97 | 40 |
| Ром | 43 | 26 | 33 | 21 |
| Турчин | 13 | 5 | 7 | 3 |
| Муслиман(ет.пр) | 7 | 5 | 6 | 5 |
| Србин | 3 | 2 | 3 | 2 |
| Влав | 2 | 1 | 2 | 1 |
| Бошњак | 3 | 2 | 3 | 2 |

**Извор: Административни податоци на АВРСМ**

Од анализираните податоци може да се заклучи дека е зголемен бројот на правни лица за 91,89 % во 2022 година има 355 фирми во однос на 2021 година кога има 185 фирми , зголемување од 83,27% може да се забележи и кај бројот на лица кои биле **вклучени и** вработени со мерката ( во 2022 биле вклучени и вработени 446 лица додека во 2021 година 245 лица). Бројот на вработени жени исто така бележи зголемување во 2022 година во однос на 2021 година и е зголемен по однос на оваа мерка за 133 жени.

***Поддршка за вработување на лица со попреченост***

Посебните услови и погодности за вработување и работење на инвалидните лица се уредени со Законот за вработување на инвалидни лица, додека условите и начинот на доделување на средствата од Посебниот фонд се пропишани со Правиникот за критерумите и начинот на доделување на средствата.
Согласно овие акти, во рамки на расположливите финансиски средства од Посебниот фонд се доделуваат неповратни средства за:

1. вработување на инвалидно лице на неопределено време;
2. адаптација на работно место;
3. набавка на опрема и
4. работен асистент на инвалидно лице кое е вклучено во работно оспособување, на негово барање или на барање на работодавачот.

Во текот на извештајниот период, хронолошки се решаваше за вкупно 150 барање кои беа доставени во текот на 2021 и 2022 година, при што 137 беа позитивно одлучени, а 13 барања се одбиени, поради неисполнување на условите за доделување средства предвидени со Законот и Правилникот:
За вкупно позитивно решените барања за дадениот период од страна на Управниот одбор на Агенцијата за вработување беа одобрени средства во износ од 124.794.903,00 денари, и тоа за:

- Вработување на 126 инвалидни лица (99 барања) доделени се средства во износ од 68.570.620,00 денари;
- Набавка на опрема за 36 барање доделени се средства во износ од 56.024.283,00 денари;

За адаптација на работно место за 2 барања доделени се средства во износ од 200.000,00 денари.[3]

Во текот на 2022 година АВРСМ континуирано спроведуваше услуги за вработување за невработените лица и работодавачите согласно Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услиги на пазарот на трудот за 2022 година. Центрите за вработување редовно ги информирааа невработените лица и ги повикуваaa лицата од евиденција на невработените лица за учество во услугите, кои претставуваа дополнителна поддршка на лицата во процесот на активно барање работа. Во 2022 година, беа реализирани средби со 3556 работодавачи. Од нив, со 436 работодавачи се остварени средби преку посети на работодавачите, а со 3120 работодавачи се остварени во центрите за вработување. Исто така, реализирани се групни средби со работодавачи на кои учествуваа 54 работодавачи. Средбите со работодавачите беа организирани со цел информирање и запознавање на работодавачите со поволностите при вработување на разни целни групи на невработени лица, информации за активните мерки за вработување, можностите за изнаоѓање на соодветни работници според нивните потреби и др. Дел од услугите за информирање и советување на работодавачите покрај со посети и средби беа спроведени и преку форум со работодавачи, телефонски контакти, он-лајн комуникација и сл. - 804 работодавачи. Вкупно со наведените активности беа реализирани 4414 услуги за работодавачи.[4]

Табела 6. Извештај за реализација на мерката „ Поддршка за вработување н=на лица со попреченост'' за 2022 година

| Посебен фонд/ | Број на поднесени барања/ | | Одобрени во периодот на известување/ | | Одбиени Барања |
|---|---|---|---|---|---|
| | Број на Работодавачи | Број на инвалидни лица | Број на Работодавачи | Број на инвалидни лица / | |
| **Барање за вработување инвалидни лица** | 112 | 153 | 99 | 126 | 8 за10 лица |
| **Барање за адаптација на работно место** | 3 | 3 | 2 | 2 | 1 |
| **Барање за набавка на опрема** | 37 | | 36 | | 4 |
| **Барање за работно оспособување на вработени и невработени инвалидни лица** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ВКУПНО | **152** | **156** | **137** | **128** | **13** |

[3] Аминистративни податоци од АВРМ
[4] Исто

## 5. Анализа на буџетски алокации (планирани и потрошени средства, по корисник, дополнителни средства, специфични трошоци за жени).

Во анализата на буџетските алокации можете да се водите од:
Анализа на потрошените средства во однос на поставените индикаторите за таа програма;
Процентуалната распределба на трошоците на мажите и жените;
Анализа на ефектите и влијанието во остварување на индикаторите на програми специфично наменети за одредена категорија граѓани, мажи или жени.

Планираниот буџет за Активните мерки за вработување за 2022 година се 1.787.000.000 денари, додека реализирани средства за 2022 година се 1.553.325.360 денари, односно 86,92% реализираност.
Планираниот буџет за подмерката субвенционирање на плати за 2022 година е 489.541.400 денари, додека износот на реализирани средства е 356.286.000 денари и согласно претходно изнесеното процентот на реализација на средства е 80,2%.
Понатаму за подмерката раст на плати планираниот буџет е 109.018.250 денари, додека износот на реализирани средства е 71.187.105 денари и согласно претходно изнесеното процентот на реализација на средства е 65,3 %.

Во однос на третата подмерка поддршка за вработување на лица со попреченост предвидените финансиски средства за поддршка на лица со попреченост изнесува 175.000.000 денари, а реализирани се 76,2%. Согласно финасиската евиденција за извештајниот период реализирани се средства во вкупен износ од 133.323.519,00 денари за 138 барања и тоа за:

- вработување на 137 инвалидни лица (95 барања) исплатени се средства во износ од 73.270.520,00 денари;
- набавка на опрема за 41 барање исплатени се средства во износ од 59852.999,00 денари; адаптација на работно место за 2 барања исплатени се средства во износ од 200.000,00 денари

-работен асистент на инвалидно лице кое е вклучено во работно оспособување, на негово барање или на барање на работодавачот, нема поднесени барања и доделени средства.

## 6. Тесни грла и научени лекции (Како можеме да ја подобриме во иднина политиката/програмата за да обезбеди подобри резултати согласно дефинираните индикатори )

За да го зголемиме процентот на жени апликанти а со тоа да се зголеми и бројот на вработени, потребно е поголема информираност на жените за поволностиоте кои се нудат, поголема ангажираност на општините и на координаторите за еднакви можности во единиците на локална самоуправа околу информирањето и промоцијата на активните политики за вработување во локалните заедници.

## 7. Заклучоци и препораки

Од анализата на резултатите од имплементација на мерката Поддршка на нови работни места за 2022 година може да заклучиме дека е константно успешна во поглед на покажаниот интерес од невработените лица и работодавачите на микро, мали и средни претпријатија, бројот на поднесени апликации и одржливост на претпријатијата, и истата треба да продолжи да се спроведува и во наредните години.

Имено според анализата на мерката по целни групи ни укажуваат дека во анализираниот период најзастапени се невработени жени, млади лица до 29 години, лица со возраст над 50 години, лица со незавршено средно или пониско образование, родители со 3 или повеќе деца.

Анализата покажува дека оваа мерка е родово одговорна, но препораките се насочени кон :

- промовирање на мерките на жени корисници на гарантирана минимална помош, на жени ромки и припаднички на други етнички заедници преку соработка на Центрите за социјална работа и Центрите за вработување на локално ниво;
- унапредување на информирањето и промоција на активните политики за вработување во локалните заедници во руралните средни преку ангажираност на општините и на координаторите за еднакви можности во локалната самоуправа;
- менторска поддршка од страна на Центрите за вработување во надминување на различни бариери и предизвици при аплицирање на жените – кориснички на гарантиран минимален приход, жени ромки, припаднички на други етнички заедници и жени со инвалидитет;
- родово разделени податоци по категории: образование, возраст, по плански региони, висина на субвенционирани плати и должина на субвенцијата.

Изработиле:
М-р Габриела Мацоска
Јасмина Иванова
Одобрил: Светлана Цветковска

Министер
Јованка Тренчевска